## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Десеттото продолжение на Сто и четвртата седница на Собранието на Република Македонија одржана на 17 мај 2002 година**

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија, сала број 1 со почеток во 13,15 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Томислав Стојановски, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Продолжуваме со работа по Сто и четвртата седница на Собранието на Република Македонија.

Покрај оние што ме известија дека од орпавдани причини неможат да присуствуваат на седницата, имам известување дека Амди Бајрам бил на болничко лекување и тој е спречен денеска да присуствува на седницата.

Од вчера пријавените за збор останаа Сејфедин Харуни, Љубомир Поповски,Вангел Симев и Ванчо Чифлиганец.

Колеги~пратнеици, продблжуваме по Предлогот за донесување на закон за издавање на обврзници на Република Македонија за денационализација, со Предлог на закон.

Има збор Сејфедин Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Жалам господине потпретседателе, вие не читате, дали не

знаете, или не гледате?

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор Љубомир Поповски.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Господине потпретседателе, јас се јавив вчера за реплика вие не ми дозволивте. Сега засега се повлекувам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор Ванчо Чифлиганец.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратенци, мислам дека точката која е дадена на дневен ред и после исцрпното излагање по оваа точка што кој знае кој пат од страна на колегата Поповски многу беше исцрпно кажано. Јас се јавив за дискусија на некој начин да не се сложам со искажувањата од страна на поедини колеги од партијата на власт ВМРО-ДПМНЕ. Зошто велам така. Затоа што како пратеник во овој законодавен дом или како припадник на партијата на која припаѓам СДСМ не сакам да носам одговорност и хипотеки за она што се случувало пред повеќе од 50 години, односно кога се вршела национализација. Јас сакам од ова место да кажам од лично мое име и од името на Партијата, национализацијата која е направена, тоа е еден неправеден чин и сите напори кои ги правиме во овој законодавен дом и од страна на извршните власти ние тоа го поддржуваме за да правдата дали после година, десет или 50 години биде до некој степен надокнадена. Но јас сега сакам да кажам пред колегите пратеници кои не осудуваат дека ние сме наследници, претходници на неправдите кои биле направени. Зарем имотот кој е земен од поединци неправилно од страна на државата и во користењето на самата држава и на останатие членови и имотот кој се градеше 50 години во Република Македонија кој го градеа сите граѓани и кој преку ноќ господо, колеги пратеници се продаваше за толку ниски цени неспоредливи. Се прашувам од ова место,што е поголемиот злочин, дали национализацијата и сега се исправа грешката, или со распордавањето на македонскиот капитал кој се градеже 50 години, па јас би рекол и еден век. Зошто го велам тоа? На пример во Радовиш национализирано е земјиште, тоа се вика стопанство или "Благој Туфанов". Пред 50 години направена е неправда, со тоа се согласувам и тука нема дилеми. И тука после пет децении луѓето егзистираат, живеат, градат,го осовременуваат земјоделието и градат еден современ ладилник Благој Туфанов,кој чини повеќе милиони марки. Кога дојде ВМРО-ДПМНЕ на власт и Демократската партија на Албанците се даде целиот општествен државен капитал во рацете на еден повереник мислам дека е близок, продолжена рака на Бесник Фетаи, претставник член истурен од ДПА. Замислете, еден ладилник кој 50 години тие напатени граѓани од Радовиш, Радовишко го граделе повеќе милиони марки е инвестирано и е дадено сега на еден човек кој прв пат дојде пред 3, 3,5 години на тоа подрачје. Ниту се знае дали инвестирал, ниту се знае која е неговата улога, а само тој ден од неговото доаѓање капиталот се извлекува од Благој Туфанов. Јас сакам да ја прашам извршната власт,еве заменик министерот за финансии господинот Дуљанов, дали е информиран која е улогата на тој повереник, дали е акционер, дали е дел од сопственоста и тн. Луѓето година и повеќе протестираат, бараат да ја истераат

правдата, а извршната власт молчи, затоа што за да се зачува парламентарното мнозинство, затоа што човекот е близок на Бесник Фетаи, министер за економија или е припадник на ДПА. Ова го велам затоа што оваа страна ја обвинува онаа страна, онаа, оваа, а пред очите ни се случуваат неправди. Јас би рекол тоа е десетоструко поштетно што се прави, излегува капиталот надвор од претпријатието, надвор од општината, надвор од државата отколку национализцијата. И затоа молам господине заменик министре работите малку покомплексно да ги согледувате и ако веќе донесуваме предлог закон за доделување на нови обврзници, мислам дека тоа треба да го имате во предвид. Сега зборувам за конкретен пример во општина Радовиш но има многу такви примери и на други места. Тоа не е во прашање национализацијата. Национализацијата останува во рамките на државата. Јас знам дека луѓето се оштетени. Но, она што сега се прави во општината преку примерот Благој Туфанов. Замислете каква неправда правиме сега господо, кои граѓани по 40 години работеа во претпријатија, некој има повеќе удел, некој нема, некој воопшто нема. Ние претпријатијата ги доделуваме на компании, на фирми и доаѓаат странски партнери кои ништо не инвестираат,туку само извлекуваат. Тоа е најголем злочин. Еве, дел од пратениците некаде реботел 10,15, 25, 30 години и ние прекуноќ тој капитал кој го создавале граганите на Република Македонија, повеке години, повеќе децении, ние тој капитал го подаруваме. Мислам дека во тој смисол мораме да имаме една самокритичност, објективна критичност и мислам дека тоа во ниеден случај не смееме да го дозволиме.

Јас би сакал да се осврнам и на дел од дискусиите од вчера од еден колега што рече за Телеком.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине Чифлиганец говориме за проект, а за дел од дискусии обраќајте се преку новинарство.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Јас предлагам Владата на Република Македонија и ние како законодавен дом обврзниците не треба да ги оставаме после 10,15 или 16 години да се даваат, туку да се избориме или договорите кои ги имаме потпишано да ги ревидираме. Од дивидендата која беше 2000 година остварена Телеком кој 53%, значи тоа се 102 милиони марки на Матав, а останатите 90 и нешто милиони марки припаѓаат на Република Македонија. Да изградиме една позиција, ако сме авторитетни, да знаеме со аргументите и за новите обврзници и за она што не чека за ТАТ и за другите работи. 2001 година, имаме ние 150 милиони марки дивиденда во Телеком. Одеднаш ние викаме дека менаџерскиот тим во Телеком се сетил нема да дели девиденда на државата на Република Македонија. Знаете што значи 60,70 милиони марки за оваа Република Македонија. И пред тоа 100, 160 милиони марки. Па ние четири години се надмудруваме тука гранд од таму повратен, územ поволен, неповолен кредит, а пред очите ни одат 150 милиони марки. А тие 150 милиони марки не ги заработил со знаење, туку ги заработил со импулсите кои секој граѓанин скапо ги плаќа во Република Македонија. И затоа мислам со филозофијата на размислувањето и со реформскиот приод,чекор кој го имате вие како партија на власт, како Влада, лично го следи Ванчо Чифлиганец и на партијата на која припаѓам како СДСМ не се согласувам. Не е проблем во обврзниците. Ние ќе ги поделеме обврзниците, туку ние треба утре оваа Република да оди напред економски. Ќе ги поделеме обврзниците, го распродадовме општествениот, државниот капитал на една фирма, на друга фирма, на трета фирма, утре со што ќе развиваме ново стопанство, нови работни места нови технологии. Данило Глигоровски ни зборуваше за трговскиот дефицит во Америка. Нека зборува за трговскиот дефицит од 370 милиони долари на Република Македонија. Тоа може една година, две години, три години, четири, пет, повеќе од десет години не може тоа да го трпи ниту Европа, ниту ММФ, ниту било која светска институција. За тоа треба да се замислиме.

Јас сум среќен што ние денеска расправаме по овој предлог закон со сите забелешки што ги даде нашиот почитуван колега и координатор на СДСМ Никола Поповски. Не би сакал да ги повторувам. Но, господо, се што правиме некој чекор напред ние треба да се замислиме што утре не очекува. Лесно е тао да го критикуваме, системот кој сите живеевме во него, некој подобро, некој полошо, не сакам да зборувам како лично јас, или мојата фамилија, или во Радовиш како се живеело, но секој граѓанин знае, 50 години што се градеже во Репуб-ика Македонија, вие господо ВМРО-ДПМНЕ го продадовте за 3,5 години, а ништо не создадовте ново во Република Македонија. Од таа хипотека поголема и потешка нема. Ве молам кажете за 3,5 години која фабрика, која нова технологија, кое производство го

направивте? Каде вработивте еден човек? И затао кога расправаме за предлог законот за обврзници мора комплексно да се гледа тоа, а не така сувопарно ден за ден, а да не гледаме после година, пет, десет, петнаесет и дваесет години, затоа што целкупниот создаден капитал кој се градеше 50 години ние многу лесно го прадодовме а ништо не создадовме. Не сакам да го бранам едноумието, еднопартискиот систем со сите свои позитивности и слабости. Но, амбиентот, климата, приодот кој го имаме ние како законодавен дом, како индивидуи, како поединци, мислам дека не е во ред За обврзниците, јас реков, бидете авторитетни господо извршна власт министри и заменици. Бидете авторитетни, менаџерскиот тим на Телеком ништо не е повеќе од нас овде пратениците. Да дозволите 100 милиони марки да ги усмерат на друго место за 2000 година, за 2001 година, 70 милиони марки. Каде сте вие овде истурени и предложени во менаџерскиот тим кои земате повеќе илјади марки. Тоа е болно. Пред очите нми се одлева македонскиот капитал од џебот на секој граѓанин. А овде ние се критикуваме.Пред нашите очи капиталот на Република Македонија кој го создавал секој граѓанин, ни се одлева само по една ставка 150 милиони марки ни отидоа. И Бучим кој е изграден со 200 милиони марки, го продадовте за 3,5 милиони марки, а во истиот момент се продадоа објекти од 10 милиони марки.

(Дофрлување од место) Кажете за златото.

И тоа ќе го одговорам, го имаме овде, еве. Го носам и тоа. И тоа го имам. Мандатот ни завршува многу болно, многу тешко. Сакам да ве повикам извршната власт, кога се донесуваат законите мора комплексно да се согледува. Немојте да ги оставате проблемите после 10, 15 години, да се решаваат. И затоа кога го донесуваме законот за обврзници треба да бидеме баш од оној капитал кој се одлева надвор од Република Македонија.

**ЌАНИ АЛИУ:**

Почитуван потпретседател, почитувани пратеници, морам да ви кажам дека оваа дискусија на господинот Чифлиганец малку ми е чудна на начин на кој сака да ги оправда некои работи кои се случија во неодамнешната историја, а во кои главни актери беа нивните предци, значи кои напрвија огромни трегедии кај луѓето и начинот на кој сака тој лично да се дистанцира, мислам дека не е чесен, ниту може така да се дистанцира. Затоа што аргументите се многу јаки и секој од нас, барем ние кои потекнуваме од некои семејства кои сме имале секогаш конфликти со левите сили имаме безброј аргументи на кои можеме да се повикуваме: дека тие се случаи огромни трагедии во нашите семејства. Не би сакал сега тука да ве замарам, меѓутоа, постојат факти и за отварање и интернации и разно разни малтретирања кои ги доживеаа нашите семејства и нашите предци. Меѓутоа, уште почудна беше неговата изјава тука, неговото кажување за тоа како некои членови на ДПА, и некој член на ДПА си купил некој магацин во Источна Македонија и за него секој член на ДПА не е ни граѓанин на Република Македонија. Тоа е малку апсурдно и чудно, а поготово од еден пратеник кој има колку што знам огромен стаж во овој Парламент. Такви изјави се многу штетни каде пишува дека не може еден граѓанин од Западна Македонија да не зема под закуп некој објект во Источна Македонија и обратно. Практично со тоа што сака господинот Чифлиганец. Тоа е симптоматично. Па размислете вие и нека размислат граѓаните на Република Македонија што стои зад таа идеа.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ**:

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван колега Кани, верувајте лугето никогаш не сум ги двоел на партиска припадност, национална или по вероисповест. Имам и пријатели и другари и деловни пријатели од сите националности и од албанската националност, така што мојот приод е ист спрема луѓето без разлика на вашата национална припадност. Не двојам дали е Ново Село Струмица, дали е Делчево, дали е Тетово, Гостивар, секоја педа на македонската земја ја почитува, исто ја гледам и луѓето кој што таму живеат. Тоа сум го потврдил во моите 47 години живот низ моите директни контакти. И морам да ви кажам за овие години кога сме малку така со друга позиција кога сум се обраќал кај пратеници, или дел од министрите од албанската националност секогаш биле коректни, принципиелно помагале, укажувале,а морам да кажам и према останатите. Така што во тој смисол етикетата која сакате да му ја залепите на вашиот колега Ванчо Чифлиганец лично, а можеби и на партијата на која припагам воопшто не држи место, ниту ја прифаќам. Тоа јас сум го докажал низ секојдневното творење. Но, колега, да не бевте вие од ДПА , да беше и пратеник и од СДСМ ќе кажам. Ако едно претпријатие се градеше, се

создаваше на национализирано земјиште тоа е Благој Туфанов и ако оваа македонска држава со сите граѓани и националности кои припаѓаат инвестираше повеќе милиони германски марки и кога дојдоа партиите на власт, јас реков веднаш го повикувам господинот Бесник Фетаи кој беше пред тоа директор на Агенцијата, а сега министер за економија и ако му се поклони во овој момент се работи за личност кој лично не го познавам ниту пак сакам да кажувам за каква личност се работи, му се даде право општествен, со државен капитал да раководи. Од тој момент капиталот само се девалвира, и излева од Благој Туфанов, а никој од властите, оние што го одредиле, еве сега го прашувам заменик министерот да ми даде одговор

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ**: (Продолжение)

Немојте да заборавите, јас пред еден и пол месец, 60 дена барав информација од страна на Владата на Република Македонија за состојбите во Благој Туфанов, која е улогата на повереникот, дали е сопственик итн., во таа смисла да помогнеме обострано. А, не, симптоматично било, затоа што пратеникот Ванчо Чифлиганец го штити македонскиот капитал конкретно во Благој Туфанов во Радовиш или општината Радовиш и на граѓаните кои инсистираат на тоа. Кој ни дава ексклузивно право на нас овде кои сме во власта или пратеници, нешто што е градено со децении, нешто што е инвестирано, а луѓето треба да ги почувствуваат благодетите, еден човак дали сум јас, дали е повереникот, дали е за некоја среќа или несреќа е припадник на Демократската партија на албанците, мислам тоа и да беше од Струмица, да беше од Радовиш, исто ќе реагирав. Не би сакал да прифатам етикетирање дека е симптоматично итн. Дали има поголемо зло, кое е поголемо зло, 3-4 години некој го излива само капиталот во Благој Туфанов или она што се случило пред 50 години национализирање и сите граѓани да бидат рамноравни. Во тоа е работата. Затоа, на заменикот министер му беше директно поставено прашањето, а и на министерот Груевски, но до ден денеска за тоа прашање нема одговор. Е, тоа е симптоматичното. Камо среќа кога дошол сопственик или инвеститор, да инвестираше 1, 2, 3, милиони марки, па да се вработат, вредноста на капиталот да се зголеми, да има нови технологии, нови производи, ве молам, немојте јас немам намера луѓето да ги делам, туку напротив луѓето ги делам на вредни, помалку вредни, на добронамерни, не добронамерни, способни, не способни, а на крајот на краиштата сите треба да живееме овде.

Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам и на вас.

За збор се јави пратеникот Ќани Алиу.

**ЌАНИ АЛИУ:**

Мислам не треба да се оправдува за она што го рече пред малку г. Чифлиганец за мене, меѓутоа, на јавноста, затоа што идентификација на еден член на ДПА, на пример, со еден човек кој е граѓанин на Република Македонија, со тоа што отишол таму, не знам каде рече дека примал одреден објект под закуп, практично, значи дека ние се затвораме и не можеме во своја сопствена земја да се одлучиме за одреден бизнис, дали ќе биде тоа во Охрид, во Куманово, во Скопје или Радовиш тоа е за мене.

Второ, често пати вчера ја гледам и денеска исто тука се споменува и г. министер за економија Бесник Фетаи. Јас не би сакал тука да бидам адвокат и да го одбранам него, меѓутоа, врлината на секој државник, освен мудроста е и во одлучноста. Јас мислам дека тој е одлучен министер, кој практично има храброст да одлучува за одредени прашања кои се многу важни и круцијални за стопанството на Република Македонија. Тоа не може никој да го побие.

Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господинот Ванчо Чифлиганец.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Јас, по кој знае кој пат реков, дали е тој припадник или не припадник на некоја партија, дали е припадник на СДСМ или на Демократската партија на албанците, тоа е најмалку важно. Во овој момент битно е прашањето што таму има работи кои не се во согласност со законските прописи во Република Македонија. Самиот факт 60 дена јас очекувам информацијата која ја барав да се расправа или како пратеничко прашање, до ден денес ја нема. Ве молам, колега Ќани Алиу немојте сега да ме етикетирате за она што не го заслужувам. Се работи за девалвирање на македонскиот капитал, дали е државен или општествен. Се работи за дел на злоупотреби. Вие демантирајте ме со информацијата и јас пред

**ЌАНИ АЛИУ:**

Мислам не треба да се оправдува за она што го рече пред малку т.

Чифлиганец за мене, меѓутоа, на јавноста, затоа што идентификација на еден член на ДПА, на пример, со еден човек кој е граѓанин на Република Македонија, со тоа што отишол таму, не знам каде рече дека примал одреден објект под закуп, практично, значи дека ние се затвораме и не можеме во своја сопствена земја да се одлучиме за одреден бизнис, дали ќе биде тоа во Охрид, во Куманово, во Скопје или Радовиш тоа е за мене.

Второ, често пати вчера а гледам и денеска исто тука се споменува и г. министер за економија Бесник Фетаи. Јас не би сакал тука да бидам адвокат и да го одбранам него, меѓутоа, врлината на секој државник, освен мудроста е и во одлучноста. Јас мислам дека тој е одлучен министер, кој практично има храброст да одлучува за одредени прашања кои се многу важни и круцијални за стопанството на Република Македонија. Тоа не може никој да го побие.

Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господинот Ванчо Чифлиганец.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Јас, по кој знае кој пат реков, дали е тој припадник или не припадник на некоја партија, дали е припадник на СДСМ или на Демократската партија на албанците, тоа е најмалку важно. Во овој момент битно е прашањето што таму има работи кои не се во согласност со законските прописи во Република Македонија. Самиот факт 60 дена јас очекувам информацијата која ја барав да се расправа или како пратеничко прашање, до ден денес ја нема. Ве молам, колега Ќани Алиу немојте сега да ме етикетирате за она што не го заслужувам. Се работи за девалвирање на македонскиот капитал, дали е државен или општествен. Се работи за дел на злоупотреби. Вие демантирајте ме со информацијата и јас пред оваа парламентарна говорница ќе се извинам пред вас, пред овој парламентарен дом и пред македонската јавност. Што рече еден од дискутантите од партијата на власта, со силата на аргументите, со знаење, умешност, способност овде да се натпреваруваме. Ве молам, еве, господинот Фетаи или господата од Министерството за финансии нека ја доставaт информацијата во текот на денешниот ден и можеме да го ставиме како прашање за да расправаме.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ве молам да не расправаме за информации. Не сакам да се мешам, но потребно е малку достоинство.

Господинот Симев Вангел.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господо, Очигледно е дека оваа тема ја чепка раната која од многу поодамна беше залечена. Добра е денационализацијата, добро е што се обештетуваат граѓаните, но во право време. Не е момент сега за вакво обештетување. Затоа што, имаме многу, многу поважни проблеми и значајни теми во државата. Да бидам поубедлив ќе направам една споредба. Дождот е благодет во секое време. Но, ако не падне кога треба на време, дождот може да биде штетен ако има многу врнежи, производот може да скапе. Значи, се треба да дојде на време. Оваа денационализација кога државата има многу проблеми, кога се врши веќе селективно и онака никој на никого не верува, јас кажав еден пример за селективно враќање на имотите, вчера добив друг документ, кој ми беше лично врачен и ќе сакам и него да го презентирам дека не се работи домаќински и сите граѓани не се подеднакво третирани. Ние лечиме една рана, отвораме други 10 нови. Кои се тие? Во ова безумие сега обештетени се многу граѓани, избркани се на улица, нема што да јадат луѓето, да се прехранат, на нив им треба парче леб. Никој за нив не се грижи, тие луѓе да се обештетат, да им се овозможи парче леб, или да се отворат нови работни места, а за тоа постојат услови. Кои се тие услови што можат да се отворат нови работни места. Зошто се продаде златната кокошка? Златната кокошка носеше Телеком 150 милиони марки. Тоа е пара и со тие пари се продава господо нешто. За да се добијат средства, тие да се вложат, за да се вложат во нови производства.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине Вангел, говорете за законот, а за она што поминало не е битно и да ви кажам дека е ова прва опомена. Ако добиете уште една опомена, ќе ве отстранам од говорницата.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Во ред. За обештетувањето, зошто не ги обештетивте ...

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дозволете, не се работи за обештетување, говорете за акциите.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Па за акцијата зборувам, за обештетување. Во Злокуќани најубавиот објект е турнат. Дали е обештетен

господинот во Злокуќани, кажете ми. Не е обештетен. Има и многу дивоградби и зошто не ги турнавте, туку го турнавте најубавиот објект. На 5.06.2000 година потпишан е договор помеѓу Министерството за урбанизам, социјалата и УНХЦР, парите се префрлени ...

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дозволете, ова е втора опомена.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Ама да ви кажам за неправдите што се направени. Узурпирано е земјиште, а земјиштето не е вратено. Земјишто во Шуто Оризари каде што е изграден кампот за бегалците Роми, одземено е земјиште и не им е платено на луѓето.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ова е трета опомена, исклучете го и напуштете ја говорницата.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Зошто не сакате да ја кажам вистината.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Поедини случаи не решава Собранието.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

А, какви случаеви решава?

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Напуштете ја говорницата.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Значи, повторно вршите селекција.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Напуштете ја говорницата господине Симев.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Добро, паметниот попушта.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За збор се јави Мухамед Тахири.

**МУХАМЕД ТАХИРИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници. јас имав намера да му реплицирам на г. Чифлиганец, но по брилијантната дискусија на Вангел Симев, се повлекувам од реплика.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам.Дали уште некој друг бара збор?

Колега Поповски Никола.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине потпретседателе, би сакал, прво, деловнички да ви забележам, на тоа имам право, дека имате различен пристап кон пратеници на позицијата и опозицијата во врска со настапите на собраниската говорница. Вчерашниот настап, на пример, на господинот Флоровски беше за целото владеење на СДСМ од 1992-1998 година, освен за законот, наместо да го прекинете вие си се смешкавте удобно во столицата, а сега г. Вангел Симев сосема неправедно го прекинавте. Само сакам да ви ја дадам таа забелешка и не ме интересира што вие мислите за тоа, сакам јавно да ви ја дадам таа забелешка.

Второто, што сакам да го потенцирам е во врска со расправата на нашиот почитуван пратеник Ванчо Чифлиганец. Господинот Ванчо Чифлиганец зборуваше во врска со аспектите на Законот за денационализација, на обврзниците и дозвелете ми како координатор да му забележам на г. Алиу, кој сосема некоректно се понесе спрема дискусијата ...

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине Поповски, за оваа работа викнете го Алиу и разговарајте надвор. Кажете ми што се однесува за законот. На што реплика и на кого се јави за реплика.

Ве молам, говорете за законот, а што се однесува за нив, меѓу себе нека се расправаат.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Согласно Деловникот имаме право во дискусија ...

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Од сега натаму ве прекинувам последен пат, кој ќе се јави согласно на Деловникот, ќе мора да прочита кој е тој дел од Деловникот, каде се нарушува примената. Кратко и јасно и повеќе нема да се расправаме.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Јас сега дискутирам, немам деловнички забелешки.

Во врска со дискусијата на Ванчо Чифлиганец, господинот Алиу неприципиелно даде забелешки кои не се однесуваат на тоа што Ванчо Чифлиганец го изнесе на говорницата и јас како координатор сум должен на тоа да реагирам и да го заштитам нашиот пратеник, бидејќи се обиде г. Алиу во зборовите на Ванчо Чифлиганец да стави и да додаде нешто што тој не го има кажана на говорницата и на тој начин да направи инсинуација.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине Поповски, ве прекинувам, затоа што петти пат ве опоменав и вие тоа не го чините. Не е тоа ниту за дискусија, ниту за ова прашање. Расправајте се надвор. Деловнички не, ви го одземам зборот.

Господинот Ќани Алиу.

**ЌАНИ АЛИУ:**

Добро, јас се откажувам, затоа што до крај не се искажа пратеникот Поповски, меѓутоа, јас мислам дека нема потреба некој да го брани, затоа што одговорност е на г. Чифлиганец е пред јавноста, а не пред мене тука.

Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Исто се однесува и за него.

**ЌАНИ АЛИУ:**

Јас се откажав од дискусија.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Повторно се јавува Никола Поповски. Ако го повторите истото, ќе ве најде истото решение.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине потпретседателе, вие го користите вашето деловничко право да одземате збор, јас тоа го почитувам, затоа што немам намера со сила со вас да се расправам, иако не сте во право. Меѓутоа, веќе кога на таков начин ова Собрание работи, барам пауза од еден и пол час, заради консултација во врска со начинот на кој вие ја водите седницата во името на пратеничката група.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дозволете, пратеничката група на СДСМ дојде да земе дневница. Бара саат и пол одмор, не му треба ни едно, седницата ќе се прекине целосно и ќе биде закажана по писмен пат, а вие советувајте се цел ден ако сакате.

(Седницата прекина со работа во 13,50 часот).